
ОПШТИНА
ДЕБАР
ВИСТИНСКИОТ
ИЗБОР
ТВОЈОТ ЧОВЕК! ТВОЕТО МЕСТО! ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!
ВМРО-ДПМНЕ

# ВИСТИНСКИОТ ИЗБОР

ТВОЈОТ ЧОВЕК! - ТВОЕТО МЕСТО! - ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!

ВМРО-ДПМНЕ

## ОПШТИНА ДЕБАР



Драги мои пријатели, соседи, сограѓани,

Секој од нас има своја приказна. Твојата почнува таму каде што чекориш секој ден – по твојата улица, низ твоето маало, во твојот град. Таму се случиле првите радости и првите таги. Таму си ги доживеал првите победи, но и првите порази. Таму си создал пријателства, семејство и спомени. Тоа е местото кое те изградило и кое те држи.

Знам дека не секогаш е лесно. И јас сум имал моменти на дилема – дали вреди? дали ќе успееме? Но секогаш, одговорот го наоѓам во луѓето што ги среќавам секој ден – во работникот што се бори чесно за лебот, во мајката што не се предава за своите деца, во младиот човек што сонува да остане тука, дома.

Оваа прва година како премиер беше година на тежина, но и на надеж. Знам дека чекате повеќе, и искрено ви велам – и јас сакам повеќе. Но најважно е дека патот е отворен. И дека веќе почнавме. Почнавме да ја враќаме довербата во државата и да ни се создава надежта дека иднината може да биде подобра.

Твоето маало, твојата општина, твојот град – тоа не се само зборови. Тоа е твојот дом. И за домот, се бори човек со сè што има.

Затоа овие избори не се само политика. Овие избори се твојата приказна. Тоа е избор за училиштето каде учат твоите деца или внуци. За паркот каде се среќаваш со пријателите. За болницата во која очекуваш грижа. За патот по кој одиш секое утро на работа. За тоа дали ќе продолжиме напред – или ќе дозволиме повторно да нè враќаат назад.

Знам што значи да имаш доверба. И знам што значи народното – „Имам свој човек“. Тоа е оној што ќе ти помогне, ќе заврши работа, ќе биде покрај тебе кога ти е најтешко. Тој човек е твојот градоначалник, кој со труд, посветеност и резултати докажа дека може да се потпреш на него. Тоа е твојот човек. За твоето место, за твојата иднина.

Затоа ти велам со искрена благодарност: -твојот глас е повеќе од политичка одлука. Тој е знак дека не се откажуваме, дека веруваме, дека сакаме подобро. Секој глас е порака – дека сакаме надеж, сакаме правда, сакаме иднина тука, дома.

Драги мои луѓе,

Не ветувам дека ќе биде лесно. Но ветувам дека ќе биде вистински. Со чесност, со работа и со истрајност. Ветувам дека нема да се откажеме!

Времето на Македонија допрва доаѓа. Тоа е времето во кое секој од нас ќе каже: -да, вредеше. Вредеше затоа што имав свој човек. Вредеше затоа што моето место продолжи да расте. Вредеше затоа што имам иднина тука, во мојата земја.

Ве повикувам, замолувам, како ваш сосед, пријател, сограѓанин, излезете на овие избори, со надеж, оптимизам и непоколеблива волја, и бидете силата на промените и иднината и направете го Вистинскиот избор!

Со Твојот човек.

За Твоето место.

За твојата иднина!

Со благодарност и надеж,
Христијан Мицкоски

# КАНДИДАТИ ЗА СОВЕТНИЦИ

1. Силас Муслиоски - носител на листа
2. Адем Идризоски
3. Шемсида Идризовска
4. Леон Мерсовски
5. Асип Первизоски
6. Ариона Саитовска
7. Енис Имероски
8. Анида Исмаилоска
9. Џевит Етемоски
10. Алмира Шаиноска
11. Бајрам Несимоски
12. Мирсада Џемоска
13. Алмин Муслиовски
14. Шемса Первизоска
15. Рашит Ѓулиоски



# ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ НА ОПШТИНАТА

- **Реконструкција и рехабилитација на игралиштето во Долно Косоврасти, Дебар (пренамена во повеќенаменско игралиште).**
- **Рехабилитација на постоечкиот водоводен систем во с. Џепиште и с. Отишани (заеднички водовод).**
- **Регулирање на состојбата со ѓубрето (контејнери) во с. Могорче.**
- **Фекална канализација во Долно Косоврасти.**



# МОДЕРНА ОПШТИНСКА ИНФРАСТРУКТУРА

- Асфалтирање на патот за Горно Косоврасти.
- Рехабилитација на регионален пат Дебар – Струга.
- Рехабилитација на селска улица во с. Отишани.
- Потпорни ѕидови на влезот во с. Горно Косоврасти.
- Рехабилитација на главната улица во с. Долно Косоврасти.
- Изградба на забавен парк во с. Долно Косоврасти.
- Фекална канализација во с. Могорче.
- Фекална канализација во с. Долно Косоврасти.
- Фекална канализација во с. Горно Косоврасти.
- Поставување на заштитна мрежа на карпите во близина на училишната зграда.
- Целосна реконструкција и рехабилитација на игралиштето во с. Могорче.
- Асфалтирање и реконструкција на улиците во населба Варош.
- Асфалтирање и реконструкција на улиците во населба Венец 1.
- Асфалтирање и реконструкција на улиците во населба Венец 2.



# ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ЕКОНОМСКИ СИЛНА ОПШТИНА

Општините играат клучна улога во унапредувањето на локалниот економски развој. Нивното работење во насока на реализација на проекти и привлекување на инвестиции во локалната економија е пресудно за создавање локален економски раст и развој, создавање нови работни места и подигнување на социјалната добросостојба на локалното население.

Со процесот на децентрализација, локалната самоуправа доби нов квалитет. Граѓаните остваруваат непосредна комуникација со локалната власт, преку која нивните потреби треба да бидат задоволени, согласно со можностите и приоритетите во општината. Ваквата комуникација е неопходна и претставува гаранција за успешна работа, која се изразува во задоволството на граѓаните од поквалитетните јавни услуги, поефикасната администрација, поголема локална демократија, засилен локален економски развој итн.

Соработката со централната власт и меѓуопштинската соработка се значајни инструменти за поголем развој на општините и надминување на сопствените можности. Токму затоа е значајно, за инвестициите кои се над финансиските можности на општината, да постојат добро изработени проекти со кои ќе се аплицира пред централната власт и меѓународните финансиски институции. Воедно, општините треба да ги препознаат заедничките потреби и интереси и да настапуваат со заеднички идеи, да ги здружат капацитетите и да соработуваат, со цел да ги исполнат очекувањата на граѓаните. Заедничкото настапување пред европските фондови со општини од соседните држави придонесува до подобро запознавање на меѓусебните обичаи, верувања, потреби, традиции и размислувања. Проектните средства кои ги нудат ЕУ, Светска банка и други меѓународни партнери се моќна алатка за реализација на значајни проекти. Како пример се средствата од ЕУ и ИПА-фондовите, при што општините се клучни субјекти во процесот на користење на овие средства.

Почитувани сограѓани, на следните страници од програмата можете да ги прочитате предлог-проектите кои ви ги нудиме како ВМРО-ДПМНЕ, а кои сметаме дека вистински ќе придонесат за развојот и просперитетот на Општина Дебар.

### Повторно активирање на Економскиот совет

во кој учествуваат претставници на Стопанските комори во Дебар и Занаетчиската комора. Одржување на состаноци еднаш месечно со градоначалникот на Дебар, директорите на јавните претпријатија од градот и најважните државни институции, со цел да се решаваат проблемите и да се разменуваат идеи за побрз економски развој на општината.

## Поддршка на мали и средни претпријатија

Ќе го стимулираме развојот на постојните мали и средни бизниси и ќе создадеме услови за отворање нови. Администрацијата во локалната самоуправа ќе биде целосно на располагање во рамките на своите надлежности. Во најбрзо можно време ќе се овозможи електронски проток на документи во сите сектори и одделенија на општината, со цел побрзо услужување на граѓаните на Дебар. Ќе организираме обуки и работилници, на кои малите и средните фирми од Општина Дебар ќе се едуцираат за применување современи методи и алатки, за да го подобрат своето работење и конкурентност. Согласно со можностите на општината и во соработка со донатори ќе обезбедиме средства за настап на бизнис-саеми на фирмите кои имаат најголем потенцијал за раст. Со тоа ќе придонесеме за подинамичен развој на малите и на средните претпријатија, бидејќи тие имаат потенцијал да креираат голем број нови работни места.

## Урбанизам и просторно планирање

- Изработка на ДУП за населените места: Долно Косоврасти, Горно Косоврасти, Могорче, Џепиште, Отишани.
- Доработени урбанистички планови за населени места (општи акти)
- Изградба на инфраструктурни коридори во деловите кои се покриени со ДУП-ови.
- Продажба на неизградено градежно земјиште, јакнење на буџетот на општината, а истовремено овозможување на граѓаните полесно да дојдат до сопствен дом.
- Стопирање на изградба на дивоградби и намалување на негативните ефекти предизвикани од нив.
- Изработка на проекти и изградба на потпорни ѕидови во урбанистичките зони каде е потребно.

## Комунална и водоводна мрежа

- Целосно решавање на проблемот со водоснабдување на с. Џепиште и Отишани. 2.за Реализација на проектите со фекална канализација во село Долно Косоврасти, село Горно Косоврасти и село Могорче.
- Решавање на проблемот со водоснабдување во с. Горно Косоврасти.
- Редовно чистење на одводните канали во населените места.



# ИНВЕСТИРАМЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО И ВО МЛАДИТЕ ВО НАШАТА ОПШТИНА

- Поддршка во вид на стипендија за најдобрите 5 ученици во генерацијата од средното општинско училиште за запишување на домашните факултети.
- Реконструкција на спортската сала на ООУ „Саид Најдени": спортски под, електрика и греење.
- Доградба на објектот на ЈОУГД „Брешна".
- Еднократна поддршка за секое новородено дете.
- Бесплатен оброк за секој ученик до IV одделение: Учениците ќе добиваат по еден здрав оброк на ден со специјално мени подготвено од нутриционист.
- Стипендирање и еднократни награди за успешни основци и средношколци.


Lorem ipsum dolor sit amet

# ОПШТИНАТА ВО ДИГИТАЛНАТА ЕРА

- Дигитална инфраструктура (проширување на опфатот на бесплатно достапен јавен Wi-Fi, проширување на оптичката мрежа).
- Дигитални услуги и дигитална општина (open data систем, твој документ – наша работа, и ти си дел од процесот).
- Електронско управување со документи, предмети и административни процедури во рамките на општината.
- Дигитализација на архивата – претворање на хартиените документи во дигитален формат за побрз и поефикасен пристап.



# РАЗВОЈ НА СПОРТОТ ЗА ОПШТИНА СО ЗДРАВИ НАВИКИ

- Изградба на велосипедска патека во градот Дебар.
- Во соработка со планинарски друштва, искачување на врвовите во општината.
- Промоција на риболовот.
- Одржување на водени спортови, веслање на кајак.
- Предавања од стручни лица (кинезиолог, проф. по спортска медицина, спортски тренери, кондиционен професор, итн.) за придобивките од спортот.
- Поддршка на младите во спортот, со субвенционирање на опрема на младинските спортски клубови.
- Поддршка и унапредување на алтернативните спортови во градот.
- Субвенции за велосипеди.
- Реконструкција на спортските терени во с. Могорче, с. Долно Косоврасти.



# ЗЕЛЕНА, ЧИСТА И ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНА ОПШТИНА

- **Вклучување на невладини организации во соработка со општината за одржување на чиста и здрава природна околина, речното корито на Радика, брегот на Дебарското езеро.**
- **Изградба на фабрика за собирање и рециклирање на отпад.**
- **Санирање на депонијата во Дебар и решавање на овој децениски проблем:**

Итно решавање на овој проблем и зазеленување на истата.

- **Енергетски ефикасен Дебар:**
  - Користење на обновливите извори на енергија. На сите објекти во надлежност на Локалната самоуправа ќе бидат поставени фотоволтаични панели за производство на електрична енергија (производство на сопствена електрична енергија) и замена на начинот на затоплување на истите објекти.
- **Изградба на атмосферска канализација во урбанистички зони кои немаат.**
  - Ревизија и санација на постоечки канали кои се влеваат во Дебарското езеро со изградба на мини прочистителни станици.
- **Поставување на подземни контејнери во градот.**
- **Поставување на повеќе контејнери во градот, со посебен акцент на селата.**
- **Обновување на дрворедите во градот.**
  - Зголемување на зелениот фонд.
- **2.000 нови садници секоја година во градот и околината со посебен акцент на излетничките места и зони коишто граѓаните ги посетуваат.**
- **Поставување на повратни вендинг-машини за пластични шишиња и лименки.**
- **Субвенции за клима-уреди и субвенции за грејни тела на пелети.**



# ПОДДРШКА И ПРОМОЦИЈА НА ЛОКАЛНИОТ ТУРИЗАМ

➤ **Поддршка на семејства кои се занимаваат со традиционален семеен туризам.**

# ПОДДРШКА НА КУЛТУРНИТЕ НАСТАНИ ВО ОПШТИНАТА

Организација на културен настан **„Дебарско лето“**. Македонската култура е дел од македонскиот идентитет. Македонската култура е наша, но и европска и светска култура. Културата е трајна и се надградува. Затоа ВМРО-ДПМНЕ ќе продолжи да го развива актуелното творештво и да го заштитува културното наследство, а во тој контекст нашата Општина Дебар се обврзува да ги негува и чува локалните традиции, фолклор и духовност. Нашата општина треба да биде широко препознатлива како дестинација во која ќе може да се види и доживее духот на македонското вековно културно и идентитетско опстојување, преку негување и поддршка на традиционалните и современите вредности на селата од општината, како и презентација на културата во странство.

➤ **Поддршка на програмата за развој на културниот туризам во Дебар преку:**

- Анализа на туристичките потреби и изработка на стратегија за културен туризам.
- Создавање на туристички мапи и културни рути.
- Збогатување на археолошките локалитети со пропратни едукативни содржини со цел обезбедување на поголема туристичка понуда и одржлив развој (летни сцени, работилници, сувенирници).
- Поттикнување на развојот на алтернативни видови туризам.
- Изработка на промотивни материјали од областа на културниот туризам.
- Меѓународна и билатерална соработка во областа на културниот туризам.
- Едукација и тренинг-обуки за туристички проекти.
- Субвенции за разни туристички манифестации и форуми.
- Организирање на настани од областа на културниот и спортски туризам, како што се следниве: 33 h

➤ **Манастирски - културен туризам;**

- Во рамките на културниот туризам актуелизирање и промовирање на бројните **џамии** и манастири кои се на територијата на Општина Дебар, меѓународен натпревар во планинско трчање.
- Сите на велосипед - вело-настан.



# ФУНКЦИОНАЛЕН СИСТЕМ ЗА СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

- **Давање бесплатни услуги на стари, изнемоштени и болни лица. Вклучени ќе бидат волонтери кои ќе се грижат за околу 15 стари и изнемоштени лица кои воопшто немаат кој да се грижи за нив. Целта на волонтерите е да ги посетуваат овие лица 3 пати неделно, да им купуваат намирници, лекови, да им плаќаат сметки, да поразговараат со нив.**
- **Субвенционирање на помагала на лица со хендикеп и посебни потреби.**
- **Обезбедување на услови за движење на лицата со хендикеп во јавните институции кои се во надлежност на локалната самоуправа.**
- **Бесплатен градски превоз за сите средношколци и пензионери со минимална пензија.**
- **Доделување на еднократна парична помош во висина од 6.000 ден. на секое семејство за новородено дете во општината.**



# ПРЕДЛОЗИ И ИДЕИ ОД ГРАЃАНИТЕ ЗА ОПШТИНАТА

- Поплочување со бекатон-плочки на тесните улици во с. Долно Косоврасти.
- Донесување на Детален урбанистички план за Долно Косоврасти.

# ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТИ ЗА СОРАБОТКА, РАЗВОЈ И ПОДДРШКА НА ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР, ОДРЖЛИВ ГРАЃАНСКИ СЕКТОР НА ЛОКАЛНО НИВО

- Обезбедување на транспарентна постапка за доделување на средства за проекти и средства за програмското работење од буџетот на локалната самоуправа за здруженија на граѓани која вклучува:
- Формирање на комисија со учество на претставници на граѓански организации избрани со јавен повик.
- Обезбедување на средства за кофинансирање на проекти на граѓанските организации кои спроведуваат проекти кои се од интерес на граѓаните од општината.

# ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР КАКО ЧИНИТЕЛ ВО СОЦИОЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ.

- **Формирање на Локален економско-социјален совет со поддршка од граѓанските организации, синдикатите и работодавачите на локално ниво.**
- **Промовирање и поттикнување на добри практики за соработка со граѓанските организации на локално ниво.**
- **Отворање и менаџирање на Младински центар во Дебар.**
- **Промовирање на здрави спортски навики.**
- **Поддршка на еколошките здруженија преку јакнење на еколошката свест и заштита на животната средина.**

# МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

- Еден од приоритетите на ВМРО-ДПМНЕ за локалната власт ќе биде унапредување, интензивирање и продлабочување на веќе воспоставената соработка со општините од други држави и воспоставување на меѓународна соработка со други нови општини и градови. Активностите и проектите во областа на меѓународната соработка кои ќе ги реализираме во наредниот четиригодишен мандат ќе овозможат политичка, економска и културна меѓународна афирмација на општината.
- Продлабочување на соработката со нашите збратимени општини.
- Воспоставување на нови контакти и продолжување на веќе воспоставените со цел збратимување со нови општини.
- Активно учество со апликации во проекти од ИПА и Програмата за прекугранична соработка и
- Одржување и зајакнување на контактите со дијаспората.

ВМРО-ДПМНЕ